ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 27.01.2014 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник **Арсенчо Алексовски**, Раководител на Одделение за правни и општи работи **Јаготка Николовска**, Раководител на одделение за финансиски прашања **Татјана Ѓоргиевска**, Раководител на Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура **Никола Граматиков** Раководител на одделение за инспекциски надзор **Бранко Велиновски**, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина **Добривој Николовски**, Директор на ЈП Комуналец **Томе Тодоровски** Советник **Александар Ангелов** и Советник **Игор Додевски**

Дневен ред :

- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ, ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Да се заврши со постапката за оценување на државни службеници Јаготка Николовска , 27.1.2014

Да се поканат сопственици на имот согласно на елаборатите за одржување на состанок во голема сала при општината за решавање на имотно правните односи. 27.1.2014 Јаготка Николовска

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Да се изврши координација со МВР за Забраната за паркирање на возила во Сабота од 08-16 часот на потегот од Соларски мост до Балкан и да се распише набавка за елаборат за сообраќајно решение. Добривој Николовски 27.1.2014

Да се организира состанок со изготвувачот за Физибилити Студијата за спортско рекреативен центар за наредната недела. Добривој Николовски 20.1.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР

Да се пушти допис до Правни субјекти за можноста за донирање на канти за отпадоци и да се даде известување до Градоначалник за заинтересираност. Бранко Велиновски 27.1.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА

Да се разгледа можноста за набавка на мало патничко моторно возило Татјана Ѓеоргиевска 27.1.2014

Пријавување на обврски за исплата по договори за јавни набавки до одделението за финансиски прашања. Сите Раководители 27.1.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

Да се организира манифестацијата поклонение за Св. Теодор Тирон во с. Конопница и да се распише конкурсот за карикатура 27.1.2014

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

Да се состави записник од одделението за комунална инфраструктура за сечење на дрвата во дворот на општината за реализација на Урбанистички План Никола Граматиков 27.1.2014

Да се излезе на лице место и да се даде Решение за патот во населба Куков Дол. Никола Граматиков 27.1.2014

Да се види за елаборатите за Водоснабдителен систем Висока Зона лев брег и за канализација накај Дурачка Река. Никола Граматиков 27.1.2014

Да се водат активности за подготовка за поставување на камен темелник на плоштадот Карпошово Востание и за канализациона мрежа во с. Мождивњак. Никола Граматиков 27.1.2014

Во договорите за јавна набавка да се дадат рокови за реализација и доколку не се придржуват кон роковите да се предвиди наплата на пенали за неисполнување или ненавремено исполнување. Никола Граматиков , Биљана Тасевска 27.1.2014

По прием на проектите кои се готови да се определат приоритети за изградба Никола Граматиков 27.1.2014

Да се види за продажба на државно земјиште и предвидување на нови парцели кај Соларски мост , Спортски комплекс и др. Александар Ангелов 27.1.2014

ЈП КОМУНАЛЕЦ Крива Паланка

Да се разгледа можноста за преземање на уличното одржување Томе Тодоровски

Да се регулира користењето на механизацијата на ЈП Комуналец

ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Да се документира Музејската збирка. Драган Величковски 27.1.2014

Изговил Игор Додевски

Крива Паланка 27.1.2014

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Никола Граматиков	_____	Татјана Ѓоргиевска	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____	Драган Величковски	_____